# ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ СПРОВЕДЕНА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ НА 2017 ГОДИНА

Во второто полугодие од 2017 година, Центарот за јавно здравје Скопје продолжи со промотивни активности на здравјето на населението во Скопскиот регион.

Промоцијата на здравјето беше спроведувана согласно Националната годишна програма за јавно здравје на Р. Македонија за 2017 година, како и согласно Годишниот план за работа на Одделението за социјална медицина.

Имено, спроведувана е здравствена едукација на сите популациони групи со одржување на предавања, трибини, индивидуални и групни едукации на населението.

Беа посетени 7 основни училишта, 3 средни училишта, две детски градинки и четири установи за згрижување на стари лица.

Едукација е спроведувана и во објектот на Центарот за јавно здравје Скопје, во Советувалиштето за откажување од пушење и во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје.

Доктори специјалисти, дипломиран педагог и дипломирани социјални работници вработени во Одделението за Социјална медицина учествуваа на едукативни обуки, работилници и други семинари вон Центарот за јавно здравје Скопје.

Начелно, во Скопскиот регион едукациите во *основните училишта* беа реализирани со 100 предавања, во *средните училишта* со 220 едукации; беа опфатени 113 стари лица *со одржани пет предавања*, додека во *предучилишните установи* беа одржани 16 предавања; севкупно 341 предавање.

Во *Советувалиштето за откажување од пушење* при Центарот за јавно здравје Скопје, беа одржани 2 групни предавања и 1 индивидуална едукација.

Во *Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје* беа советувани 106 ученици од средното образование.

## I Здравствена едукација на предучилишни деца

Во општините Гази Баба, Бутел и Центар се посетени јавните детски установи за згрижување на предучилишни деца со опфат на 546 деца со одржани 16 предавања на тема *Лична хигиена* и *Здрави училишни оброци*. Предавањата беа одржани во ЈДГ ,,Детска радост'', ЈДГ ,,11 Октомври'' и ЈДГ ,,Кочо Рацин"



**ЈДГ ,,11 ОКТОМВРИ" ОПШТИНА БУТЕЛ**

## II Здравствена едукација на ученици во основните училишта

Во основните училишта беа одржани вкупно 100 предавања со опфат на 1889 ученици. Предавањата беа одржани во општините: Аеродром, Карпош, Петровец и Чаир, во следните училишта:

- О.У. ,,Лазо Ангеловски"
- О.У. ,,Лазо Трповски"
- О.У. ,,Братство и единство"
- П. О.У. ,,Кочо Рацин"
- О.У. ,,Рајко Жинзифов"

Во споменатите училишта предавањата беа одржани на следните теми:

- Лична хигиена
- Исхрана – Здрави училишни оброци
- Здравствен бенефит од редовни физички активности
- Болести на зависност (Алкохолизам, Наркоманија и Пушење)

## III Здравствена едукација на ученици во средните училишта

Во второто полугодие од 2017 беа посетени следните средни училишта: СЕТУГС „Михајло Пипин”, СУГС „Марија Кири Склодовска” и СУГС „Јосип Броз Тито” во општина Центар.

Во споменатите училишта беа одржани 220 предавања со опфат на 2294 ученици.

Предавањата беа одржани едукативни предавања на следните теми:

- Здрави училишни оброци
- Сексуално-преносливи инфекции и
- СИДА



**СУГС „МАРИЈА КИРИ СКЛОДОВСКА“ – ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

 

**СУГС „ЈОСИП БРОЗ ТИТО“, ОПШТИНА ЦЕНТАР**

## IV Одржани трибини во основните и средните училишта

Во второто полугодие од 2017 година беа одржани 4 трибини во општините Аеродром, Карпош, Центар и Чаир во следните училишта:

- О.У. „Лазо Ангеловски”
- О.У. „Лазо Трповски”
- О.У. „Рајко Жинзифов”
- СУГС „Јосип Броз Тито“

Беа одржани предавања со интерактивно учество на учениците на следните теми:

- Сексуално-преносливи инфекции (1)
- Болести на зависност (2)
- Здравствен бенефит од редовни физички активности (1)

На предавањата се користеа здравствено-воспитни средства (брошури и флаери) изготвени од Отсекот за промоција на здравјето како и пропаганден материјал од Институтот за јавно здравје на РМ.

## V Во состав на Одделението за социјална медицина функционираат две советувалишта :

- Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје и
- Советувалиште за откажување од пушење.

**Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје**

Во второто полугодие од 2017 година во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје беа одржани 4 предавања на следните теми:

- Сида (2)
- Сексуално преносливи инфекции (2)

Со активностите од Советувалиштето беа опфатени 106 ученици. Сите ученици пополнија анкетни прашалници на кои понатаму се изврши евалуација. Поради интерес на учениците беа дадени вкупно 91 совети од споменатата област. Исто така, беа поделени 81 брошури и флаери.

**Советувалиште за откажување од пушење**

Во второто полугодие од 2017 година, од клиентите кои ја посетиле Обуката за основни знаења за безбедност на храната, беа анкетирани 11 лица со Анкетен прашалник за откажување од пушење. Групната едукација се спроведуваше интерактивно за пушењето како ризик фактор за појава на хронични незаразни болести. За таа цел беа одржани 2 предавања. Во однос на индивидуалните едукации, Советувалиштето беше посетено од еден клиент.

Исто така, клиентите беа поканети да го посетат Советувалиштето за откажување од пушење, да донесат самостојна одлука за започнување со откажување од пушење со помош на индивидуална едукација и третман со метод кој го спроведува тим од лекар и медицинска сестра.

## VI Превенција и унапредување на здравјето на стари лица

Во општина Ѓорче Петров во село Волково беше посетен домот за стари лица ПУСС „Геромедикал Феникс"; потоа во општина Бутел, домот за стари лица „Жана С", во

општина Центар „Светла Надеж" и во општина Кисела Вода беше посетен старскиот дом ПУС „Лабос".

Беа одржани вкупно пет предавања и опфатени 113 стари лица.

Стручни лица одржаа предавање на тема „Унапредување на здравјето на старите лица".




**ДОМ ЗА СТАРИ „ЖАНА С ", ОПШТИНА БУТЕЛ**

## VII Изготвен едукативен материјал

Во второто полугодие од оваа година е изготвен пропаганден материјал на следните теми:

1. Брошура

Загадениот воздух – ризик фактор за болести на срцето

2. Флаер

Улогата на Социјалниот работник во промоција на здравјето кај старите лица.

2018, Скопје

Изготвил: ***Прим. д-р сци. Персида Малинска***, шеф на отсек, специјалист по социјална медицина со организација и економика на здравствена заштита